# ВОДИЧ ЗА НОВИНАР(К)И ЗА СТРАТЕШКИ ТУЖБИ ПРОТИВ ЈАВНОТО УЧЕСТВО (SLAPP)




Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

# ВОДИЧ ЗА НОВИНАР(К)И ЗА СТРАТЕШКИ ТУЖБИ ПРОТИВ ЈАВНОТО УЧЕСТВО (SLAPP)

**Иван Брешковски**
**Младен Чадиковски**
**Лазе Сандев**

**јули, 2026**

Совет на Европа

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на автор(от/ите). Ставовите изразени во оваа публикација не можат на кој било начин да се сметаат за одраз на официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.*

Репродукцијата на извадоци (до 500 зборови) е дозволена, освен за комерцијални цели, под услов да се зачува интегритетот на текстот, извадокот да не се користи надвор од контекст, да не обезбедува нецелосни информации или на друг начин да не го доведува читателот во заблуда во однос на природата, обемот или содржината на текстот. Изворниот текст секогаш мора да биде наведен на следниот начин: „© Совет на Европа, година на издавање“.

Сите други барања во врска со репродукција и/или превод на целата или на делови од оваа публикација треба да се упатат до Оддел за публикации и визуелен идентитет на Советот на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Секоја друга кореспонденција поврзана со оваа публикација треба да се упати на:
Horizontal.Facility@coe.int

© Совет на Европа, јули 2026. Сите права се задржани. Лиценцирано на Европската Унија под договорени услови.

www.coe.int/freedomofexpression

Фотографија: Freepik

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Вовед** | **7** |
| **2.** | **Што е SLAPP тужба и како да се препознае** | **8** |
| | 1.1 *Дефиниции* | 8 |
| **3.** | **Главни карактеристики / индикатори на SLAPP** | **10** |
| **4.** | **Карактеристични предмети од меѓународна пракса** | **13** |
| | 4.1 *SLAPP случај од Соединетите Американски Држави* | 13 |
| | 4.2 *Пресуди на Европскиот суд за човекови права* | 14 |
| **5.** | **Локален контекст и домашна пракса** | **21** |
| | 5.1 *Примери од домашната судска пракса за SLAPP* | 21 |
| | 5.2 *Вон судски SLAPP постапки* | 22 |
| **6.** | **Анти-SLAPP одредби во ЗГОНК** | **24** |
| **7.** | **Поддршка и превенција** | **27** |
| **8.** | **Како новинар(к)ите да се заштитат уште пред тужба** | **29** |
| **9.** | **Чекори што новинар(к)ите треба да ги преземат по тужба** | **31** |
| **10.** | **Чекори во текот на судската постапка** | **33** |
| **11.** | **Психолошки и професионални аспекти** | **35** |
| **12.** | **Поддршка и ресурси** | **36** |
| **13.** | **Заклучок** | **37** |

# Кратенки

**SLAPP** – Стратешки тужби против учество на јавноста

**ЗГОНК** – Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета

**САД** – Соединети Американски Држави

**ЕУ** – Европска Унија

**СЕ** – Совет на Европа

**КЗ** – Кривичен законик

**ЗПП** – Закон за парнична постапка

**ЕСЧП** – Европски суд за човекови права

**ЕКЧП** – Европска конвенција за човекови права

**EFJ** – European Federation of Journalists (Европска федерација на новинари)

**ECPMF** – European Centre for Press and Media Freedom (Европски центар за слобода на печатот и медиумите)

**MFRR** – Media Freedom Rapid Response (Механизам за брз одговор за слободата на медиумите)

**ЗНМ** - Здружение на новвинари на Македонија

# 1. ВОВЕД

Целта на овој водич е да им помогне на новинар(к)ите и медиумските работници/чки да препознаат, навремено да реагираат и ефективно да се заштитат од тужби со заплашувачка цел, познати како SLAPP тужби (Strategic Lawsuits Against Public Participation) или на македонски јазик„Стратешки тужби против учество на јавноста". Водичот има практичен карактер и претставува алатка за професионалците кои секојдневно се соочуваат со правни и политички притисоци поради својата работа во јавен интерес.

SLAPP тужбите претставуваат злоупотреба на правниот систем – се користат не за да се заштити угледот или честа на тужителот, туку за да се замолчи критиката и да се обесхрабри новинарот или медиумот да продолжи со истражувачка работа. Често овие постапки се долги, скапи и исцрпувачки, со што се создава „ладен ефект" врз слободата на изразување и јавната дебата.

Во европски контекст, феноменот SLAPP стана пошироко препознаен по случајот со Дафне Каруана Галиција, истражувачка новинарка од Малта, која беше мета на повеќе од 40 тужби пред нејзиното убиство во 2017 година. Токму овој случај ја поттикна Европската комисија да започне иницијатива за правна заштита од злоупотреба на судските постапки, што резултираше со усвојување на ЕУ Директивата за борба против SLAPP тужби во 2024 година.

Во Северна Македонија, иако бројот на класични SLAPP случаи не е голем, постојат повеќе примери на тужби поднесени од носители на јавни функции или економски моќни субјекти против новинар(к)и и медиуми, со очигледна намера да се изврши притисок и да се одврати критичкото известување. Овие појави ја нагласуваат потребата новинар(к)ите да имаат јасни информации и упатства како да препознаат, документираат и да се одбранат од вакви злоупотреби.

Со овој водич, Советот на Европа, во соработка со ЗНМ и правни експерти, сака да овозможи структуриран одговор на SLAPP тужбите – преку правна едукација, професионална солидарност и практични насоки за секој новинар што ќе се соочи со ваков притисок. Целта е да се зајакне позицијата на новинар(к)ите, да се намали стравот од тужби и да се зачува основниот принцип на демократското општество – правото на информирање и слободно изразување.

# 2. ШТО Е SLAPP ТУЖБА И КАКО ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ:

## 2.1 Дефиниции

Акронимот SLAPP (Strategic lawsuit against public participation, Стратешки тужби против јавното учество) за прв пат бил „скован“ во САД од професори на Универзитетот во Денвер, Колорадо кои во текот на 80тите години на минатиот век го истражувале феноменот на појава на голем број случаи на граѓански тужби против индивидуи и групи кои биле тужени за практикување на нивните политички права особено загарантирани со првиот амандман на Уставот на САД[1]. За потсетување, првиот амандман на Уставот на САД го гарантира правото на слобода на говорот и печатот, потоа правото на луѓето мирно да се собираат и да поднесуваат петиции и поплаки до властите.

Мета на ваквите тужби биле лица кои пријавувале прекршување на законите, лица кои пишувале („се буněле“) до владини претставници, кои присуствувале на јавни сослушувања и настани, сведочеле пред владини тела, собирале потписи за петиции, воделе кампањи за референдуми, поднесувале жалби, учествувале во мирни протести итн. [2] Целта на ваквите тужби била да се одвратат и на некој начин казнат граѓаните поради користењето на своите загарантирани со Уставот на САД и законите, граѓански и политички права.

„Стратешите тужби против јавното учество“ кои не мора да се тужби во вистинска смисла на зборот, се тактички постапки, односно злоупотреби на правниот систем, дизајнирани да заплашат, замолкнат и финансиски исцрпат. Во праксата во Република Северна Македонија постојат најразлични видови на SLAPP постапки кои успеале во својата цел, а таа е да „замолкнат“ одредено лице или група. SLAPP не мора да биде секогаш граѓанска тужба (во повеќето случаи тужба за клевета), таа може да биде и во форма на опомена, може да биде и кривична пријава поднесена пред јавното обвинителство или пак пријава поднесена до полиција, може да биде административна забрана (управна постапка) од страна на државен орган.

Согласно Препораката на Советот на Европа (СЕ) CM/Rec(2024)2 (понатаму „Препораката“) за борба против употребата на стратешки тужби против јавното учество (SLAPPs) усвоена од Комитетот на Министри на 5 април 2024 година[3] SLAPP се дефинираат како:

„Правни постапки кои се закана, иницирани или започнати како средство за вознемирување или заплашување на метата, и кои имаат за цел да спречат, заду-

1 Џорџ В. Принг, „SLAPP: Стратешки тужби против учеството на јавноста“, Pace Environmental Law Review, том 7, стр. 3 (1989)

2 Ibid.,3

3 Совет на Европа, Препорака CM/Rec(2024)2, 5 април 2024

шат, ограничат или казнат слободно изразување по прашања од јавен интерес и уживање на правата поврзани со јавното учество“. понатаму во препораката се наведува дека SLAPP:

„...често се граѓански постапки, но се појавуваат и во контекст на управно и кривично право, а во таквите постапки се изрекуваат управни мерки и кривични санкции, истите може да бидат посебно рестриктивни и полесно да се употребат како оружје против јавните чувар(к)и, што резултира со посериозно влијание врз индивидуата и поголем ефект на одвраќање.“

Ваквата цел на SLAPP постапки има пошироко негативно влијание врз целото општество, а особено води кон тоа да им ја ускрати на општествата „плуралистичката понуда од информации и идеи кои им се потребни на индивидуите за да донесуваат информирани одлуки.“

Дополнително, на 11 април 2024 година Европскиот парламент и Советот на Европската унија (ЕУ) ја усвоија „Директивата 2024/1069 за заштита на лица кои се впуштаат во јавно учество од очигледно неосновани тужби и злоупотреба на судски постапки“ (понатаму „Директивата“)[4].

SLAPP според директивата на ЕУ се дефинира како: “граѓанска тужба иницирана од компанија или моќна индивидуа против физички или правни лица поради нивното учество во јавниот дискурс.“

Во директивата се наведува дека „главната цел на ваквите постапки не е да се добие случајот (судски), туку да се обесхрабри јавното учество (јавниот говор) и да се искористи (злоупотреби) дисбалансот на моќ помеѓу засегнатите страни преку малтретирање и заплашување (на послабата страна).“

Директивата има за цел да ги заштити најразличните групи на правни и физички лица во нивното практикување на говорот од јавен интерес, како новинар(к)ите, издавачите, медиумите, свиркачите, борците за човекови права како и здруженијата на граѓани (невладини организации), синдикати, уметници, истражувачи, професори, од крајно неосновани судски постапки наменети да ги одврати од јавното учество.

Разликата помеѓу препораката на Советот на Европа и Директивата на ЕУ е тоа дека првата е еден вид на „меко право“, истата е необврзувачка и ги опфаќа 46те земји членки на Советот на Европа, а втората е законска обврска на земјите членки на ЕУ да ја имплементираат во домашните прописи до 2026 година.

Додека ЕУ директивата е фокусирана на прекугранични граѓански постапки, препораката на Советот на Европа дава поширок спектар на препораки за повеќе видови на постапки како граѓански, така и управни и кривични, кои се особено важни за земјите каде клеветата сè уште не е декриминализирана.

4 Службен весник на ЕУ, 11 април 2024

# 3. ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ / ИНДИКАТОРИ НА SLAPP

Согласно гореспоменатата препорака на Советот на Европа, клучните индикатори за SLAPP постапките/тужбите се:

- тужителот се обидува да искористи нерамнотежа на моќ, како што е неговата финансиска предност, политичко или општествено влијание, за да изврши притисок врз тужениот/метата;
- аргументите што ги изнесува тужителот се делумно или целосно неосновани;
- правните лекови што ги бара тужителот се непропорционални, прекумерни или неразумни;
- барањата (во тужбата) претставуваат злоупотреба на законите или процедурите;
- тужителот се впушта во процедурални и парнични тактики дизајнирани да ги зголемат трошоците за тужениот, како што се одложување на постапките, избор на форум (јурисдикција) што е неповолен за „јавното учество" или е вознемирувачки за тужениот, предизвикување на огромен обем на работа и поднесување жалби со мали или никакви изгледи за успех;
- правната постапка намерно ги таргетира поединците, а не организациите одговорни за оспореното „дејствие";
- правната постапка е придружена со „офанзива" во медиумите дизајнирана да ги малтретира, дискредитира или заплаши лицата што учествуваат во „јавната дебата" или има за цел да го одвлече вниманието од суштинското прашање;
- тужителот или неговите претставници/застапници се вклучуваат во правно заплашување, вознемирување или закани, или имаат историја на такво однесување;
- подносителот на барањето или поврзаните страни се вклучуваат во повеќекратни и координирани или прекугранични правни дејствија врз основа на ист збир на факти или во врска со слични прашања;
- подносителот на барањето (тужителот) систематски одбива да се вклучи во вонсудски механизми за решавање на барањето/тужбата;

Согласно ЕУ директивата пак, индикатори за SLAPP се:

- непропорционална, прекумерна или неразумна природа на барањето или дел од него, вклучувајќи ја и прекумерната вредност на спорот;
- постоење на повеќекратни постапки покренати од страна на тужителот или поврзани страни во врска со слични прашања;
- заплашување, вознемирување или закани од страна на тужителот или претставниците на тужителот, пред или за време на постапката, како и слично однесување од страна на тужителот во слични или истовремени случаи;
- употреба на процедурални тактики со лоша намера, како што се одложување на постапките, измамничко или злоупотребувачко „користење јурисдикции" или прекинување на случаите во подоцнежна фаза од постапката во лоша намера.

На новинарот на почеток може да му биде тешко да направи разлика помеѓу SLAPP и легитимна тужба (важно е да се напомене и дека на македонските судови исто така може да им е тешко да препознаат SLAPP тужба, во зависност од искуството и едукација на судечкиот судија или совет). Сепак, разбирањето на стратешката мотивација на тужителот да поднесе таква тужба како и идентификувањето на збир на клучни индикатори може да обезбеди јасна рамка за препознавање, кои индикатори домашните судови би требало да ги земат предвид при одлучувањето и водењето на постапките.

Основата на SLAPP постапките е таа дека истите не се наменети „да победат" (во суд) врз основа на фактите и предложените докази, туку истите се „очигледно неосновани" (на прв поглед) без суштинска правна основа. Целта на таканаречениот тужител ("SLAPPER") е да го искористи (злоупотреби) судскиот процес/постапка како еден вид на оружје за да ги постигне своите цели, бидејќи успехот на SLAPP тужителите не се мери со поволна пресуда за нив, туку со „капитулација" на тужениот/ите, од самиот страв кој произлегува од заплашување од евентуални големи судски трошоци, стрес или едноставно психо-физичко исцрпување од потенцијален судски процес.

SLAPP тужбите се дизајнирани да ја исцрпат „жртвата" финансиски и психички, прв пример за тоа се високите барања за надомест на штета кои се составен дел од тужбите за клевета. Во Република Северна Македонија во последно време гледаме доста такви примери на тужби кон новинар(к)и со превисоко поставени барања за надомест на штета без тужителите да доставаат било какви докази врз основа на кои го засноваат таквото тужбено барање.

Од друга страна во прекуграничните SLAPP постапки тужителите преку своите правни тимови бараат и најповолни јурисдикции во кои не постојат анти-SLAPP одредби во законите со што се создава поголем финансиски товар врз „жртви-

те“(да мораат да ангажираат правно застапување во странска држава), особено во постапките за клевета според правилото каде е „настанато“ штетното дејство.

Да резимираме: Препораката на Советот на Европа се однесува на SLAPP постапки од управна, граѓанска и кривична материја, а директивата на ЕУ се однесува на прекугранични постапки од граѓанска природа. По однос на текот на постапката Препораката се однесува на сите фази од постапката, од „опомена“ па се до извршната постапка, а Директивата се однесува на сите фази на една парнична (судска) постапка како и времените мерки, против-тужби, или други видови на правни механизми и дејствија.

# 4. КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕДМЕТИ ОД МЕЃУНАРОДНА ПРАКСА

## 4.1 SLAPP случај од Соединетите Американски Држави

### Protect Our Mountain Environment v. District Court (1984)

Овој случај (Protect Our Mountain Environment, Inc. v. The District Court of Colorado, 1984) е еден од првите во светот што експлицитно го препознава феноменот на SLAPP тужби.

Во овој значаен предмет, Врховниот суд на Колорадо требал да одговори на прашањето дали тужбата за навреда (defamation) и злоупотребата на судскиот процес (abuse of process) поднесена против една граѓанска еколошка организација претставува прекршување на уставното право на граѓаните на слободно учество во јавна дебата.

Организацијата Protect Our Mountain Environment (POME) и нејзините членови јавно се спротивставиле на развоен проект во планински предел во Денвер, Колорадо, користејќи законски постапки за жалби и учество во јавни расправи со цел да се спречи тој развоен проект. Таквото учество за да се стопира развојниот проект било безуспешно. Компанијата инвеститор поднела тужба за клевета против POME, тврдејќи дека нивните активности биле злонамерни и им нанеле штета.

Предметот стигнал до Врховниот суд на Колорадо, кој ги формулирал следните критериуми за идентификување на „привидни постапки“ (sham litigation), односно тужби кои се само привидни и имаат за цел да заплашат или замолчат активисти.

Критериуми за „привидна постапка“ (sham litigation) според овој случај се:

- Недостаток на правна основа: Тужбата мора да биде очигледно неоснована, без реална правна аргументација или поддршка во фактите.
- Намера за заплашување, а не за правна заштита: Целта на тужбата не е да се добие правна заштита, туку да се заплаши, замолчи или казни страната која учествува во јавна дебата или правен процес.
- Злоупотреба на судскиот процес: Тужбата се користи како средство за одвраќање од учество во јавни дебати или судски процеси, а не како легитимна заштита за надомест на штета или одредено прекршување.
- Немање веројатност за успех: Тужбата нема реална шанса да успее во судскиот процес, што дополнително укажува на нејзината злоупотреба.
- Контекст на јавен интерес: Кога тужбата е насочена против активности кои се однесуваат на јавен интерес – како што се животната средина,

урбанистичко планирање, или јавна политика – судот треба да биде особено внимателен.

## 4.2 Пресуди на Европскиот суд за човекови права

Кога се зборува за пресуди на Европскиот суд за човекови слободи и права и SLAPP критериумите, потребно е да се појасни дека пресудите се всушност извор на Препораката **CM/Rec(2024)2 на Советот на Европа**, односно дека постоечките правни стандарди утврдени од Европскиот суд за човекови права во врска со слободата на изразување можат да се користат како извор на правото при утврдување дали одреден судски случај може да се карактеризира како SLAPP случај.

Во прилог ќе наведеме неколку такви случаи.

### ООО МЕМО v. РУСИЈА (OOM MEMO V. RUSSIA (2840/10))

(јавните тела не треба да користат судски мерки за замолчување на критика)

**Факти**

Апликантот ООО Memo е медиум кој објавил статија во која се изнесуваат критички информации за јавна личност, конкретно за заменик-градоначалник на Нижни Новгород. Во статијата биле вклучени цитати и факти добиени од јавни извори, а целта на написот била да отвори јавна расправа за потенцијален конфликт на интереси и корупција во локалната власт.

Сепак, домашниот суд ја осудил медиумската компанија за клевета, и го задолжил на тужителот да му исплати висока парична казна, иако текстот се однесувал на прашања од јавен интерес.

Апликантот поднел апликација до Европскиот суд за човекови права за повреда на членот 10 од ЕКЧП - слободата на изразување.

### 1. Одлука на Судот

Европскиот суд за човекови права **утврдил повреда на членот 10 од Европската конвенција за човекови права (слобода на изразување)**.

Судот посочува дека:

- **националните судови не направиле јасна разлика помеѓу факти и вредносни судови**;
- **не ја зеле предвид улогата на медиумот како „јавен чувар“ (public watchdog)**;
- **медиумите имаат право да известуваат за прашања од јавен интерес**, дури и кога пренесуваат контроверзни изјави;

- **новинар(к)ите не треба да се идентификуваат со секој цитат што го објавуваат;**
- изречената санкција била **непропорционално висока** и имала **заплашувачки ефект врз слободата на медиумите;**
- иако граѓанска постапка за клевета може да им стои на располагање на приватни или јавни компании со цел заштита на нивниот углед, тоа не може да се примени во случај на извршно тело, како што е тужителот во овој предмет. Судот оцени дека мешањето во правото на слобода на изразување на медиумот, загарантирано со членот 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), не било оправдано со „легитимна цел", бидејќи руското регионално државно тело не можело да се повика на основот „заштита на угледот или правата на другите". Судот нагласил дека новинар(к)ите имаат **право да користат одреден степен на претерување или провокација** кога известуваат за прашања од јавен интерес, сè додека нивната работа е **заснована на фактичка основа и дејствуваат со добра волја.**

## SLAPP критериуми

Одлуката воспоставува неколку клучни стандарди кои се директно применливи во проценката дали некоја постапка има SLAPP карактер:

- **Принцип на пропорционалност** – санкциите против новинар(к)и и медиуми мора да бидат пропорционални; прекумерните казни се сметаат за средство на заплашување.
- **Јавен интерес како заштитен критериум** – известувањето за прашања од јавен интерес ужива повисоко ниво на заштита.
- **Заштита од ефект на ладење (chilling effect)** – државите мора да внимаваат нивните закони и судска пракса да не создадат атмосфера во која новинар(к)ите се самоцензурираат поради страв од тужби.
- **Пренесување на информации од трети лица**.

Овој случај претставува мост помеѓу „класичната" заштита на новинарската слобода и современите анти-SLAPP стандарди, бидејќи ја нагласува истата суштина – заштита на јавниот интерес и спречување на злоупотреба на правото за да се замолчат учесниците во јавните дебати или новинар(к)ите во известувањата за прашања од јавен интерес.

Одлуката ја нагласува потребата да се воспостави баланс помеѓу заштитата на репутацијата и слободата на изразување, а особено да се обезбеди правна заштита за медиумите кои известуваат за прашања од јавен интерес.

## ТОМА против Луксембур (THOMA v. LUXEMBOURG (38432/97))

(новинар(к)ите имаат право да пренесуваат изјави и иницираат дебата)

### Факти

Случајот се однесува на новинар и радио-водител, г. Тома, кој во својата емисија пренел дел од изјава дадена од претставник на невладина организација, во која се тврдеше дека „половина од шумарите во Луксембург се корумпирани". Иако Тома не ја дал таа изјава лично, ниту ја поддржал, судовите во Луксембург го осудија за клевета, со образложение дека како новинар имал обврска **експлицитно да се дистанцира** од неа.

Апликантот поднел апликација до Европскиот суд за човекови права за повреда на членот 10 од ЕКЧП - слободата на изразување.

## Одлука на ЕСЧП

Европскиот суд за човекови права во овој предмет утврди дека Луксембург го прекршил членот 10 од Европската конвенција за човекови права, односно правото на слобода на изразување, со тоа што осудил новинар за клевета поради цитирање критички изјави на трето лице во радио-емисија.

Накратко, ова се критерумите утврдени во пресудата:

- ➔ **Јавен интерес и улога на медиумите:** Судот потсетува дека прашањата што се однесуваат на јавната администрација и корупцијата се од висок јавен интерес. Новинар(к)ите имаат право и должност да известуваат за вакви теми, дури и ако изјавите што ги пренесуваат се провокативни или навредливи.
- ➔ **Цитирање на трети лица:** Судот утврдил дека новинарот не треба да се смета за одговорен за навредливите зборови на други кога ги цитира точно и веродостојно, без да ги прифати како свои. Барањето од новинар(к)ите секогаш експлицитно да се дистанцираат од нечија изјава би било нереално и би имало **„замрзнувачки ефект"** врз медиумската слобода.
- ➔ **Контекст и добра волја:** Изјавата на Тома била дел од јавна расправа за можни неправилности во шумарството, а не личен напад. Судот утврди дека новинарот делувал во добра волја и во согласност со новинарската етика.
- ➔ **Пропорционалност:** Осудата и паричната казна против Тома биле непропорционални на легитимната цел за заштита на угледот и имале потенцијален ефект на обесхрабрување на медиумите да известуваат за прашања од јавен интерес.

### SLAPP критериуми

Од овој предмет, клучни за разбирање на современите стандарди на медиумската слобода и заштитата од SLAPP постапки се следните критеруми:

- **Новинар(к)ите имаат право да цитираат трети лица:** Судот истакнува дека новинар(к)ите не се должни да се оградуваат или да се дистанцираат од секој цитат или изјава што ја пренесуваат, доколку тоа го прават во рамките на нивната професионална улога и со цел известување за прашања од јавен интерес.
- Контекстот и намерите се од суштинско значење: Судот направил разлика меѓу пренесување на содржина со јавен интерес и поттикнување или поддршка на клеветничка порака. Доколку известувањето има информативна цел, а не манипулативна, државата мора да обезбеди високо ниво на заштита.
- **Пропорционалност на санкциите:** Дури и минималната санкција може да има **ефект на ладење/заплашување** врз новинар(к)ите и медиумите. Судот забележал дека казнувањето на Тома заради цитатот може да создаде опасен преседан што ќе ги натера новинар(к)ите да се самоцензурираат.

Овој случај е особено релевантен во контекст на SLAPP тужбите, бидејќи многу вакви постапки се покренуваат токму поради **пренесување на изјави или обвинувања дадени од трети лица**. SLAPP тужителите често ја користат стратегијата да ги тужат медиумите наместо првичните говорници, со цел да создадат **финансиски и психолошки притисок** врз нив.

## СТИЛ и МОРИС против Обединето Кралство (STEEL AND MORRIS v. THE UNITED KINGDOM (68416/01))

(овој предмет укажува на класична нееднаквост и финансиски притисок)

### Факти

Случајот се однесува на двајца активисти за заштита на животната средина, Хелен Стеел и Давид Моррис, членови на организацијата „London Greenpeace“, кои дистрибуирале летоци што го критикувале корпорацискиот гигант Мекдоналдс.

Во летоците се изнесувале тврдења дека компанијата експлоатира работници/чки, придонесува за уништување на животната средина, промовира нездрава исхрана, и користи агресивен маркетинг кон деца.

Мекдоналдс поднел тужба за клевета против Стил и Морис. Бидејќи тие немале финансиски средства за правна помош, морале сами да се застапуваат во една од најдолгите и најскапи судски постапки во британската историја (повеќе од

300 судски денови). На крајот, националните судови одлучиле во корист на Мекдоналдс, задолжувајќи ги апликантите да платат огромни парични отштети, што беше невозможно за нив и ги довеле до тешки последици.

Апликантите поднеле апликација до Европскиот суд за човекови права за повреда на членот 10 од ЕКЧП - слободата на изразување.

## Одлука на ЕСЧП

Европскиот суд за човекови права во овој предмет утврди дека Обединетото Кралство ги прекршил членовите 6 и 10 од Европската конвенција за човекови права.

Судот признава дека државите имаат широка дискреција во одлучувањето кога ќе се даде бесплатна правна помош во граѓански случаи. Но, Судот истакнува три клучни фактори:

- Комплексност на случајот: Случајот за клевета вклучувал научни, медицински и социоекономски прашања, како и обемен доказен материјал.
- Нееднаквост на оружјата (inequality of arms): Мекдоналдс имал значителна правна и финансиска предност; тужените биле обични граѓани без правна стручност.
- Јавен интерес: Прашањата покренати во летоците (околината, работничките права, јавното здравје) биле од општ јавен интерес, па затоа е особено важно тие да имаат можност да се бранат ефективно.

Во поглед на повредата на слободата на изразување, Европскиот суд за човекови права го утврдил следното:

- активистите **делувале во јавен интерес**;
- тужбата на Меконалдс и изречените санкции **имале заплашувачки ефект;**
- **недостигот на бесплатна правна помош** за лица кои се тужени во сложени случаи на клевета **ја нарушил еднаквоста на оружјата (equality of arms)**.

## SLAPP критериуми

Од овој случај може да се извлечат неколку SLAPP критериуми и тоа:

- **непропорционалност на постапката во однос на целта;**
- **нееднаквост на ресурси меѓу странките; и**
- **намера на тужителот да предизвика заплашувачки ефект врз јавната дебата;**

## ТИМПУЛ ИНФО-МАГАЗИН И АНГЕЛ против МОЛДАВИЈА (TIMPUL INFO-MAGAZIN AND ANGHEL v. MOLDOVA (42864/05))

(новинар(к)ите имаат право да пренесуваат изјави и иницираат дебата)

### Факти

На 16 јануари 2004 година, весникот Timpul Info-Magazin објавил статија со наслов „Луксуз во земја на сиромаштија", потпишана од новинарката Ангел. Во статијата се анализирала транспарентноста во трошењето на јавни средства, особено практиката на Владата да купува луксузни автомобили без јавно објавување на деталите. Авторката ја истражувала поврзаноста помеѓу државните власти и приватниот инвестициски фонд „Д.Х. и Д.П.", кој посредувал во набавката на 42 возила во вредност од над еден милион евра.

Во текстот се изразувала критика за недостатокот на транспарентноста и можни коруптивни практики, со сомнение дека набавката можеби претставува предизборен потег на Владата.

Апликантите поднеле апликација до Европскиот суд за човекови права за повреда на членот 10 од ЕКЧП - слободата на изразување.

### Одлука на ЕСЧП

Судот оценил дека молдавските судови не го почитувале балансот помеѓу заштитата на угледот компаниите и правото на слободно новинарско известување, како и дека санкциите биле непропорционални. Накратко, Судот:

- ја истакнува клучната улога на печатот во демократско општество — да пренесува идеи и мислења за политички и други прашања од јавен интерес. Секое ограничување на оваа улога бара особено убедливи причини. Во конкретниот случај, новинарскиот текст не бил насочен кон нарушување на угледот на приватната компанија Д.Х., туку кон критика на владата за нетранспарентно и нерационално трошење јавни средства. Судот утврди дека новинар(к)ите постапиле во добра волја и во рамките на јавниот интерес.
- смета дека правните лица, со учеството во зделки каде што се трошат јавни средства, се изложуваат на легитимен јавен надзор. Кога постојат индиции дека ваквите зделки можат да бидат штетни по јавните финансии, критиката од медиумите е оправдана и заштитена со членот 10 од ЕКЧП. Судот забележал дека властите извадиле реченица од контекст за да оправдаат казна, додека целината на текстот покажува дека новинар(к)ите внимателно ги предупредиле читателите за непотврдените гласини.

- смета дека текстот бил објавен во контекст на избори и содржел политичка критика кон власта, за која границите на дозволена критика се пошироки.
- утврдил дека новинар(к)ите дејствувале во добра волја, известувале за прашање од јавен интерес и имале легитимна основа за сомнеж во законитоста на зделката.

## SLAPP критериуми

Пресудата ја зајакнува судската доктрина во однос на неколку суштински принципи, кои денес се интегрални во рамките на европските анти-SLAPP стандарди:

- **Јавниот интерес како клучен елемент на заштитата** – новинар(к)ите и медиумите имаат право да известуваат за јавни личности и прашања што се од јавен интерес, дури и кога нивните изјави се контроверзни или критички.
- **Разлика помеѓу факти и вредносни судови** – судовите секогаш мора да направат разлика дали изјавата се однесува за факти или вреносен суд. Вредносниот суд не може да биде санкциониран доколку е заснован на фактичка основа.
- **Пропорционалност на санкциите** – прекумерните казни за медиумите имаат „заплашувачки ефект" и можат да доведат до самоцензура.
- **Принцип на одговорно новинарство** – Новинар(к)ите треба да постапуваат со добра волја и да се потпираат на проверени извори, но не се бара апсолутна точност.

Во оваа насока, домашните судови се должни да:

- спречат непропорционални тужби и санкции што можат да имаат заплашувачки ефект врз новинар(к)ите;
- воспостават рано идентификување и отфрлање на злоупотребни постапки;
- обезбедат ефективна правна заштита за лицата изложени на SLAPP тужби.

Случајот Timpul Info-Magazin and Anghel v. Moldova може да се смета за типичен пример на постапка со SLAPP карактер, бидејќи тужбата е поднесена од висок јавен функционер со цел да се обесхрабри новинарско известување за корупција – што е во директна спротивност со целите на демократското општество.

# 5. ЛОКАЛЕН КОНТЕКСТ И ДОМАШНА ПРАКСА

Постои широка дебата помеѓу претставници на невладиниот сектор, правосудството, адвокатурата и секако новинар(к)ите за тоа кои постапки / судски предмети од домашната пракса всушност претставуваат SLAPP тужби или постапки, односно кои од нив ги содржат SLAPP елементите од препораката на Советот на Европа.

Важно да напомeнеме е дека ставот на Советот на Европа во препораката CM/Rec(2024)2, 5 април 2024 година, вели иако не е задолжително SLAPPs да ги вклучуваат сите индикатори за кои зборувавме погоре, колку повеќе од истите се присутни или колку е поакутно однесувањето, поголеми се изгледите правната постапка да се смета за SLAPP. [5]

Од дефиницијата и индикаторите кои се таксативно наведени во препораката на Советот на Европа, постојат поголем број судски и вонсудски случаи кои содржат SLAPP елементи, во овој дел од водичот ќе анализираме неколку од нив.

## 5.1 Примери од домашната судска пракса за SLAPP

Постојат повеќе примери во домашната судска пракса независно дали се од граѓанска или кривична материја, во последните 15-20 години кои ги содржат еден или повеќе од индикаторите содржани во Препораката на Советот на Европа.

### Фирма дел од холдинг тужи новинар за Фејсбук статус

Пример за граѓанска тужба со SLAPP елементи од поновата историја е таа поднесена кон новинар/уредник, за објавен Фејсбук статус во врска со компании за брзи кредити. Новинарот подолго време работи и ја истражува темата за брзи кредити во Северна Македонија. Тужител е правно лице, а со тужбата се бара надомест и на нематеријална штета на износ од 350.000,00 денари, кој износ е енормно високо поставен, особено од фактот што ваквиот износ мора да се поткрепи со докази. Типичен пример за SLAPP елемент каде тужителот бара висок надомест на штета, а нема намера да го поткрепи тоа барање со докази и излегува надвор од законските максимуми со кои се ограничува колкав износ на штета може да се бара од новинар, уредник и медиум. Напоменуваме дека до објавувањето на оваа публикација, не беше можно да се утврди дали постапката е правосилно завршена. .

### Лидер на партија поднесува приватна кривична тужба

Пример за кривична тужба со SLAPP елементи е случајот каде лидер на политичката партија тужеше новинар(к)и од еден скопски портал и тоа за „неовластено

5 Совет на Европа, Препорака CM/Rec(2024)2, 5 април 2024,

објавување на лични записи“ според членот 148 од Кривичниот закон на Република Северна Македонија. Во соопштение на ЗНМ се наведува:

„На постапката која траеше речиси една година тужителот не се појави лично ниту еднаш на рочиште а новинар(к)ите повеќе пати беа присутни на рочишта во судот каде ја застапуваа својата одбрана. По објавата на пресудата, колешката новинарка изјави: „Државните функционери мора да сфатат дека функцијата ја вршат 24/7 и се поподложни на јавна критика, без разлика дали одговараат на електронска пошта, СМС порака, службен или приватен телефон. И кога ние како новинар(к)и ги бараме, ги бараме во име на јавноста, за работи кои се од јавен интерес, па оттаму не смее да се воспоставува практика на воведување страв и цензура.“ [6]

По ист основ политичка партија поднесе и приватна кривична тужба против главниот и одговорен уредник на една национална телевизија, како и новинарка вработена во телевизијата, поради тоа што во прилог во вестите наводно бил објавен интерен партиски документ.[7]

### Фирма тужи медиум за објава за тендерски постапки

Друга постапка со SLAPP индикатори е тужба од фирма која што добила тендер во една македонска општина. Општината распишала тендер за изработка на ограда во основно училиште. Вредноста на јавната набавка изнесувала 35.000 евра. Прилогот на медиумот е во насока дека општината распишала јавен оглас за изведба на скапа ограда, додека тоалетите на училиштето се полски тоалети кои се наоѓаат во дворот на училиштето. Меѓу другото, во прилогот се споменува и правното лице избрано на јавниот тендер за изведба. Пред граѓанскиот суд од страна на правното лице кое го добило тендерот била поднесена тужба за клевета против медиумот. Граѓанскиот суд делумно го усвоил тужбеното барање само во делот од прилогот каде што се тврдело дека јавната набавка се извршила без јавен оглас. Во преостанатиот дел тужбеното барање на тужителот е одбиено како неосновано.

## 5.2 Вон судски SLAPP постапки

### Новинар повикан пред црковен суд за објавен текст

Интересен случај со SLAPP елементи е случајот со новинар вработен во национална телевизија, кој воедно е и сопственик и уредник на портал преку кој објавува новинарски текстови и анализи поврзани со верски теми. Истиот за објавен текст на својот портал, добил таканаречена „Покана за доказно рочиште“ од канцеларијата на една верска заедница, со други зборови, новинарот бил поканет на рочиште на таканаречен црковен суд. Ова претставува типичен пример за заплашување на „говорник“ од јавен интерес кој обработувал теми за случу-

6 ЗНМ, 04.02.2022г. https://bit.ly/4p1RiAb

7 ЗНМ, 12.04.2024г. https://bit.ly/4hQ1glQ

вањата во верската заедница која ги избегнува судовите и институциите на државата, и се одлучува на ваков чекор, каде „повиканиот" новинар не е под заштита на законите на државата.

## Поднесена кривична пријава против новинар за објавен текст

Дополнително, против истиот новинар е поднесена фактички неоснована кривична пријава од верско лице на раководна функција во верска заедница која првостепено била отфрлена од надлежниот обвинител, меѓутоа вратена по жалба од Вишото јавно обвинителство. Во повторената постапка пријавениот новинар бил повикан на распит во Основно јавно обвинителство. Ваквиот пример претставува уште една форма на притисок, каде верска заедница одбира да поднесе кривична пријава односно избегнува да се соочи со новинарот во граѓанска постапка туку предметот го префрла на државата да постапува по службена должност.

## Новинарка повикана на распит во полиција за објавен текст

Друг пример за вон судска SLAPP постапка е тој кон новинарка која работи за портал и обработува теми од правосудството. Истата била повикана на службен разговор во полициска станица поради објавен текст, а по поплака на државна службеничка која тогаш била раководителка во Министерството за правда. Ова претставува уште еден пример каде што државни службеници од позиција на моќ не избираат да тужат во граѓанска постапка за клевета доколку сметале дека е повредена нивната чест и углед. Клучното прашање во овој случај го поставува и Хелсиншкиот комитет кој вели: „За Хелсиншкиот комитет проблематично е тоа што полицијата потклекнала пред барањето на пријавителката, која инсистирала новинарката да биде повикана во полициска станица."[8]

Други форми на притисоци врз новинар(к)ите и медиумите со SLAPP елементи можат да бидат и од административна (управна) природа, каде државата преку нејзините органи се става во улога да влијае врз слободата на говор.

8 СДК.мк, 16.05.2022г. https://bit.ly/47AvO7R

# 6. АНТИ-SLAPP ОДРЕДБИ ВО ЗГОНК

Мора да напоменеме дека македонскиот закон за навреда и клевета е еден од најлибералните на тлото на Европа, а и пошироко, особено со новодонесениот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РСМ бр.251/2022 од 22.11.2022 - „ЗГОНК")[9] кој донесе дополнителни олеснувања по однос на максималните износи за надомест на нематеријална штета кои може да се бараат со граѓанска тужба кон новинар, уредник (или лице кое го заменува) и правното лице – медиум. Судот при определувањето на висината на надомест на штета мора да се води по правилата на Законот за облигациони односи, како имотната состојба на тужениот како и фактот дали тужениот се извинил јавно и ја повлекол изјавата, дали средството за информирање објавил демант, одговор или исправка.

Честа „SLAPP" пракса пред домашните судови е тужителите да бараат висок надомест на штета (видно неоснован, недокажан) со аргумент преку кој се обидуваат да излезат од рамката на максималните износи за надомест на штета од ЗГОНК со тоа што истакнуваат наводи дека тужениот – новинар не дејствувал како новинар при објава на наводните клеветнички изјави, односно дека не се работи за новинарски продукт, или изјавата не ја дал при извршување работни задачи.

Понатаму во домашниот закон моментално во примена, се воведува нов термин „средства за информирање" на кои се објавуваат содржини на начин достапен за јавноста, односно се брише од употреба особено за електронските медиуми зборот „електронска публикација" особено важно за електронските медиуми. Во „средства за информирање" спаѓаат сите форми и платформи за пренесување на информации меѓу кои медиумите, традиционалните и нови медиуми, блогови, веб страници, социјални мрежи, објави итн. Ова од една страна значи дека новинар(к)ите кои работат во онлајн медиумите/порталите согласно судската пракса можат да бидат одговорни за клевета и надомест на штета за разлика од поранешната пракса каде истите беа исклучувани од одговорност поради „недостиг на пасивна легитимација", со образложение во судските одлуки дека не се медиуми и во нив не работат новинар(к)и со медиумски уредувана содржина. Меѓутоа, иако сега истите (новинар(к)и, онлајн медиуми) можат да бидат одговорни за навреда и клевета и надомест на штета за нив важат правилата за ограничувањата по однос на надомест на штета. Дополнително со домашниот закон исклучени се од одговорност агрегаторите на вести.

Домашниот закон „ЗГОНК" исто така во своите одредби директно се повикува на ЕКЧП во став 2 од членот 2 каде вели дека: *„Ограничувањата на слободата на изразување и информирање законски се уредуваат со определување на стриктни услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права."* Соглас-

9 ЗГОНК, Службен весник на РСМ бр.251/2022 од 22.11.2022г.

но хиерархијата на правните акти во нашиот правен систем сите ратификувани од Собранието на Република Северна Македонија меѓународни конвенции по „правната јачина“ се веднаш под Уставот, што значи судовите и без оваа одредба да постои се должни да се водат по воспоставената пракса на Судот за човекови права во Стразбур.

Слична ситуација наоѓаме во членот 3 од „ЗГОНК“ каде се вели: *„Ако судот со примена на одредбите од овој закон не може да реши определено прашање поврзано со утврдувањето на одговорноста за навреда или клевета, или смета дека постои законска празнина или судир на одредбите на овој закон со Европската конвенција за заштита на основните човекови права, врз начелото на нејзино предимство над домашното право ќе ги примени одредбите на Европската конвенција за заштита на основните човекови права и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди.“* Слично како погоре, судот е должен да го примени начелото на предимство на ЕКЧП врз домашното право како и праксата на Стразбур.

Дополнителна „анти“ SLAPP одредба наоѓаме во членот 5 од ЗГОНК, во кој се дефинира што е носител на јавна функција и кои се подрачјата од јавен интерес. Ова е од значење од причина што доколку како тужител се јавува јавен функционер, маргината на дозволена критика е на многу повисоко ниво. Исто така, согласно членот 9 од ЗГОНК товарот на докажување на некој начин се префрла на тужителот „..како носител на јавна функција има законска должност да даде објаснување за конкретни факти кои најнепосредно се поврзани или се од значење за вршењето на неговата функција, ако тужениот имал основани причини за изнесување на тврдење што е од јавен интерес.“[10] Дополнително, доколку се работи за теми од јавен интерес таксативно наведени во цитираниот член, кои се обработуваат и кои се предмет на постапката за навреда и клевета, исто така мора да се земе во предвид дека маргината на дозволена критика е на повисоко ниво.

Важно да се напомене е и итноста на постапката која е уредена со членот 23 од ЗГОНК, која ги штити и двете страни, односно тужителот да добие брза завршница во постапка за заштита на неговата чест и углед, а го штити и тужениот од долги постапки и зголемени трошоци, што е еден од индикаторите за SLAPP од препораката на Советот на Европа. Сепак во пракса многу ретко од судовите се почитува оваа одредба и постапките за навреда и клевета траат и со години.

Можеме да заклучиме дека домашниот закон е поприлично заштитнички настроен кон новинар(к)ите, уредниците и медиумите, доколку се почитуваат одредени правила, односно новинар(к)ите обработуваат прашања од јавен интерес, имаат основана причина да поверуваат во своите тврдења, тврдењата се базираат на проверени и точни извори и се водат согласно Кодексот на новинарска етика[11], меѓутоа сè уште постојат одредени начини на кои може да се подобри.

---

10 ЗГОНК, Службен весник на РСМ бр.251/2022 од 22.11.2022г.,

11 ЗНМ, Кодекс на новинарите на Македонија, 2021

Ова особено важи за лицата кои не се новинар(к)и по професија, а се занимаваат со активизам, па согласно сегашната поставеност на законот не се заштитени со одредбите за ограничување за надомест на штета.

Во овој момент без да се вршат измени на ЗГОНК судот е должен да спроведе итна и економична постапка за што е и обврзан со Законот за парнична постапка како и со специјалниот закон (ЗГОНК). Потоа судот е должен да ги препознае решителните факти кои се доволни за конечно (мериторно) одлучување по тужбеното барање и да се фокусира исклучиво на нивно утврдување. Исто така судот треба да увиди кога постојат и да спречи процесни злоупотреби и одолговлекување на постапката како и да ги одбие предлозите на тужителот кои одат во насока на истакнување неразумни процесни барања.

# 7. ПОДДРШКА И ПРЕВЕНЦИЈА

Советот на Европа препознава дека лицата кои се мета на SLAPP тужби се соочуваат со различни форми на притисок – правен, финансиски, психолошки и професионален. Затоа, државите членки се охрабруваат да воспостават систем на поддршка преку кој ќе им се овозможи на новинар(к)ите да ја продолжат својата работа без страв и со соодветна заштита. Овие мерки можат да се групираат во **шест категории на поддршка**, кои се препорачуваат и за национално прилагодување во Република Северна Македонија.

## 1. Правна поддршка

Обезбедување пристап до бесплатна или достапна правна помош и застапување за новинар(к)ите кои се мета на SLAPP тужби. Државите и професионалните новинарски здруженија, треба да соработуваат со адвокатски комори, универзитети и невладини организации кои обезбедуваат правна заштита.

## 2. Финансиска поддршка

Формирање фондови, грантови или други форми на финансиска помош за покривање на судски трошоци, адвокатски услуги и други неопходни расходи. Овие механизми може да се реализираат преку партнерства со новинарски здруженија и донаторски програми.

## 3. Психолошка поддршка

Пристап до доверлива и професионална психолошка помош за новинар(к)и кои се под притисок поради SLAPP. ЗНМ веќе обезбедува ваква услуга, а јавните здравствени институции и стручните здруженија треба да ја прошират достапноста на овие услуги.

## 4. Практична поддршка

Механизми за навремено предупредување и заштита кога постои ризик по физичка безбедност – вклучително и дежурни линии, итна евакуација или полициска заштита во исклучителни случаи. Важно е новинар(к)ите да знаат каде можат да се обратат во итна ситуација.

## 5. Поддршка од приватниот сектор

Работодавачите, медиумските куќи и стопанските комори треба активно да ги поддржуваат своите вработени и соработници кои се мета на SLAPP. Ова вклучува правна, организациска и морална поддршка, како и јасни интерни политики за заштита на новинар(к)ите.

## 6. Информативна поддршка

Обезбедување лесно достапни информации за локалните и меѓународните организации кои нудат помош, правни совети и ресурси. Ваквите информации треба редовно да се споделуваат преку новинарските здруженија, етичките тела и јавните институции.

*Овие шест категории на поддршка се дел од Препораката CM/Rec(2024)2 на Советот на Европа за спротивставување на SLAPP тужбите и можат да послужат како модел за развој на национални политики и механизми за заштита на новинар(к)ите во Република Северна Македонија. Најголем дел од нив веќе се инкорпорирани преку ЗНМ, особено во делот на правната, финансиската, психолошката и информативната поддршка, но потребно е посилно вклучување на приватниот сектор и на државата.*

Иако SLAPP тужбите често доаѓаат ненадејно, новинар(к)ите можат да преземат чекори за **превенција** за да се заштитат уште пред да настане правен ризик. Превенцијата значи одговорно и професионално работење, тоа значи дека секој истражувачки материјал треба да биде документиран, проверен и изработен во согласност со новинарските кодекси. Таквиот пристап не само што ја зголемува веродостојноста на новинарската работа, туку е и силен аргумент доколку подоцна се појави тужба.

# 8. КАКО НОВИНАР(К)ИТЕ ДА СЕ ЗАШТИТАТ УШТЕ ПРЕД ТУЖБА

➔ **Внимателна документација на истражувањето**
Секој чекор од истражувањето треба да биде забележан – извори, комуникации (email, СМС, вибер пораки, whats`up пораки....), белешки и документи. Доброто архивирање е првиот чекор во одбрана од SLAPP.

➔ **Проверка на факти**
Секогаш потврди ја информацијата од најмалку два извори. Ако некој податок не може да се потврди официјално, а сметате дека е точен затоа што му верувате на вашиот неофицијален извор, наведи го тоа во текстот.

➔ **Транспарентност во работата**
Отвореност кон јавноста и подготвеност да се понудат дополнителни информации или корекции кога е потребно. Ако е пообемно истражување, наведете како сте истражувале, со кого сте се среќавале, што сте снимиле, документирале, колку време сте работеле на сторијата, ова го намалува ризикот од тужби.

➔ **Кодекс на новинари на Македонија**
Почитувањето на професионалните и етичките стандарди е најсилната превенција. Кодексот е основа за докажување на добрата намера и јавниот интерес.

➔ **Насоки на Советот за етика во медиумите (СЕММ)**
Насоките на СЕММ за етичко известување на онлајн медиумите содржат конкретни примери и толкувања на Кодексот што можат да помогнат при дилеми во уредувањето или обработката на чувствителни теми. Ова особено се однесува за теми што се обработуваат во онлајн просторот.

➔ **Кодекс на Европската федерација на новинари (ЕФЈ)**
Меѓународните стандарди за новинарско известување ја зајакнуваат позицијата на новинар(к)ите при одбрана во случаи со SLAPP елементи. Ова може да помогне кога работите на истражувања кои се преку-гранични.

➔ **Контактирање со ЗНМ или адвокат пред објавување на ризична сторија**
Кога се обработува тема што може да предизвика правен ризик, препорачливо е новинарот или редакцијата однапред да се консултираат со ЗНМ или адвокат со искуство во медиумско право.

## Ако се соочите со SLAPP – трите најважни чекори

**Не паничи, туку реагирај веднаш.**
Не ја игнорирај тужбата. Контактирај адвокат со искуство во медиумски случаи и веднаш информирај го ЗНМ.

**Собери и зачувај сè.**
Архивирај документи, преписки, објави, снимки и белешки. Секој детал може да биде доказ дека си постапил професионално и одговорно.

**Побарај поддршка – не си сам.**
ЗНМ и партнерските организации (EFJ, ECPMF, MFRR) нудат правна, психолошка и јавна поддршка. Вклучи се навреме – солидарноста е најсилниот одговор на притисокот.

# 9. ЧЕКОРИ ШТО НОВИНАР(К)ИТЕ ТРЕБА ДА ГИ ПРЕЗЕМАТ ПО ТУЖБА

Доколку новинарот или медиумот добие тужба, или најава за тужба или извинување, важно е да не се реагира панично и брзо, туку систематски и правовремено да се постапи. Секоја акција треба да биде документирана и координирана со адвокат и со новинарските организации што можат да обезбедат поддршка.

➔ **Тужбата не смее да се игнорира – потребно е веднаш да се контактира адвокат**

Кога новинар или медиум ќе добие тужба, првиот чекор е внимателно да се прегледа нејзината содржина и роковите за одговор. Потребно е веднаш да се контактира со адвокат со искуство во медиумско право или случаи поврзани со SLAPP тужби. На адвокатот треба да му се достават сите релевантни документи без одлагање, раната реакција може да биде клучна, за да има доволно време да се подготви стратегијата за одбрана.

➔ **Информирање на ЗНМ**

По добивањето на тужбата, новинарот треба веднаш да го информира ЗНМ, за да може да обезбеди бесплатна правна помош. Зависно од случајот, ЗНМ може да помогне и во поврзување со други, меѓународни медиумски организации и мрежи за заштита на новинар(к)и. Ако случајот е покомплициран ќе се воспостави контакт и со национални или регионални организации кои може да понудат финансиска поддршка за судски трошоци.

➔ **Јавна поддршка**

Јавната поддршка од колеги, редакцијата, медиумот или новинарски здруженија често има превентивен ефект и ја намалува можноста за дополнителен притисок врз новинарот или медиумот и може да го одврати потенцијалниот тужител од тужбата.

➔ **Проверка на сите документи и комуникации**

Треба да се направи попис на сите релевантни материјали поврзани со случајот, треба да се зачуваат, белешки, снимки, преписки, документи и докази за комуникација со страната што тужи. Важно е тие да бидат организирани во јасен систем, по датуми и теми, и да има резервни копии на безбедна локација (на пример на USB уред или cloud-сервис со лозинка).

Добрата документација е клучен доказ за професионалност, одговорност и добра намера во судската постапка.

### ➔ Изработка на временска линија (timeline) на случајот

Новинарот, односно редакцијата во консултација со адвокатот треба да изработат временска линија на сите релевантни настани: кога е објавен текстот или прилогот, кога и како е барана втората страна, кога и дали е добиена реакција, демант, закана или тужба. Во неа треба да се евидентираат и сите дополнителни активности, контакти со редакцијата, комуникација со адвокатот или одговори до тужителот.

Овој timeline служи како силна доказна алатка во судската постапка, бидејќи ја покажува транспарентноста на работењето и професионалниот пристап на новинарот.

## Што да направите по добиена тужба

**Не ја игнорирајте тужбата**
Веднаш контактирајте адвокат со искуство во медиумско право. Реагирајте навреме – првите рокови се клучни.

**Известете го ЗНМ**
Пријавете го случајот за да добиете правна, психолошка и јавна поддршка. Солидарноста го намалува притисокот.

**Зачувајте сè**
Чувајте белешки, снимки и преписки. Добрата документација е најсилната одбрана.

**Направете временска линија (timeline)**
Запишете што, кога и каде сте објавиле, како и сите реакции. Тоа покажува професионалност и транспарентност.

# 10. ЧЕКОРИ ВО ТЕКОТ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА

Кога тужбата веќе е во судска постапка, важно е новинарот да остане професионален, активен и во постојана комуникација со својот адвокат. Во оваа фаза, правната стратегија се комбинира со внимателно јавно однесување и соодветна медиумска комуникација.

➔ **Редовен контакт со адвокатот**

Новинарот што е тужен треба да биде навремено информиран за секој чекор – поднесоци, рочишта и рокови. Довербата и отворената комуникација со адвокатот се клучни за успешна одбрана.

➔ **Почитување на судските рокови и процедури**

Дури и во случај на неоснована тужба, непочитувањето на роковите може да предизвика процесни последици. Секој документ доставувај го навреме и со потврда.

➔ **Да се избегнуваат коментари за постапката што може да влијаат врз судот**

Избегнувај јавни изјави кои можат да се протолкуваат како притисок или дискредитација на судот или тужителот. За медиумска комуникација консултирај се со адвокатот или со ЗНМ.

➔ **Мора да се биде транспарентен во јавната комуникација**

Доколку има интерес од јавноста, информирај кратко и точно за суштината на случајот, без лични квалификации. Јавната поддршка е важна, но мора да биде одговорна.

➔ **Треба да се има евиденција за текот на постапката**

Води евиденција за сите поднесоци, рочишта, изјави и медиумски објави поврзани со случајот. Оваа евиденција ќе послужи и како доказ, и како заштита при евентуални идни процеси.

➔ **Поддршка за време на постапката**

Новинарските здруженија и партнерските организации можат да обезбедат правна, психолошка и комуникациска поддршка и за време на постапката. Не ја носи целата тежина сам – солидарноста е клучна.

## Совети за време на судска постапка

**Биди во постојан контакт со адвокатот**
Следи ја секоја постапка и редовно информирај се за рокови и рочишта.

**Почитувај ги сите рокови и процедури**
Навремено поднесувај документи и чувај потврди за доставување.

**Не коментирај ја постапката во јавноста**
Изјавите во медиуми да бидат внимателни и усогласени со адвокатот.

**Чувај транспарентност и достоинство**
Информирај точно, без лични квалификации или притисок врз судот.

**Барај поддршка кога е потребно**
ЗНМ и партнерските организации нудат правна, психолошка и јавна помош.

# 11. ПСИХОЛОШКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ АСПЕКТИ

SLAPP тужбите не се само правен инструмент, туку и психолошка алатка за заплашување и исцрпување на новинар(к)ите. Тие создаваат чувство на страв, притисок и несигурност, со цел да се намали критичкото известување и да се предизвика самоцензура. Покрај правната борба, SLAPP случаите имаат силно влијание врз личната и професионалната благосостојба на новинар(к)ите, па затоа поддршката и солидарноста се клучни.

**Совети:**

- Побарај поддршка од редакцијата – разговор со уредникот и колегите е првиот чекор кон заеднички пристап и намалување на притисокот.
- Искористи ги ресурсите на ЗНМ – Здружението веќе обезбедува *психолошка поддршка* за новинар(к)и кои се соочуваат со тужби, притисоци или закани. Контакт со професионален психолог преку ЗНМ може да помогне во справување со стресот.
- Зборувај со колеги кои имале слично искуство – споделеното искуство создава чувство на солидарност и охрабрување.
- Не ја потценувај личната благосостојба – редовен одмор, ментална сигурност, физичка активност и поддршка од блиските се важен дел од одржувањето на професионална стабилност.

# 12. ПОДДРШКА И РЕСУРСИ

Постои развиена мрежа на национални и европски организации кои нудат правна, психолошка и финансиска помош за новинар(к)и засегнати од SLAPP тужби. Познавањето на овие ресурси може да биде клучно уште во раните фази на постапката.

**Главни контакти и ресурси:**

- **Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ) – правна и психолошка поддршка за новинар(к)и.**
  ***contact@znm.org.mk*** **|** **www.znm.org.mk**
- **Совет на Европа – *Recommendation CM/Rec(2024)2* за спротивставување на SLAPP.**
  **rm.coe.int/0900001680af2805**
- **Европски центар за слобода на печатот и медиумите (ECPMF) – мониторинг и правна помош за новинар(к)и.**
  **www.ecpmf.eu**
- **Media Freedom Rapid Response (MFRR) – финансиска и правна помош за загрозени новинар(к)и.**
  **www.mfrr.eu**
- **Европска федерација на новинари (EFJ) – застапување и европска координација против SLAPP.**
  **www.europeanjournalists.org**
- **EU Anti-SLAPP Directive (2024/1069) – правна рамка за заштита од неосновани тужби.**
  **eur-lex.europa.eu/eli/dir/2024/1069/oj**

# 13. ЗАКЛУЧОК

SLAPP тужбите не се само правен инструмент, туку средство за притисок што ја задушува слободата на изразување и ја поткопува довербата во институциите. Тие ја користат правната рамка како алатка за заплашување и исцрпување на новинар(к)ите и медиумите, со што се нарушува јавниот интерес и правото на граѓаните да бидат информирани. Затоа одговорот на општеството мора да биде системски, координиран и јасно насочен кон заштита на јавниот збор.

Медиумската заедница има централна улога во спротивставувањето на SLAPP-овите. Здруженијата на новинари, медиумските совети и синдикатите треба да ја засилат соработката, да развијат заеднички механизми за правна и психолошка поддршка, како и мрежи за солидарност и јавна реакција. Преку споделување искуства, обуки и соработка со европските мрежи, медиумскиот сектор може да го намали ефектот на заплашување и да ја зајакне отпорноста на новинар(к)ите.

Новинар(к)ите, од своја страна, треба да продолжат да го бранат јавниот интерес со професионализам, внимателност и почитување на етичките стандарди. Но тие не смеат да бидат оставени сами. Водичот има цел да ги охрабри да побараат поддршка – правна, психолошка и професионална – од ЗНМ, адвокатите и партнерските организации. Секој SLAPP случај не е само лична битка, туку дел од пошироката одбрана на слободата на изразување.

**Државата има обврска да создаде системска анти-SLAPP рамка** што ќе ги спречи злоупотребите на правото и ќе обезбеди заштита на новинар(к)ите. Потребно е усвојување на специјална законска регулатива во согласност со препораките на Советот на Европа – која ќе предвиди:[12]

- рано отфрлање на очигледно неосновани тужби,
- воведување на разубедувачки казни и финансиски санкции за тужители што намерно злоупотребуваат судски постапки,
- обезбедување на надомест и отштета за новинар(к)ите кои биле мета на вакви злоупотреби,
- воспоставување јавен регистар на SLAPP случаи и транспарентно известување за нивните исходи,
- пристап до вонсудски механизми како медијација и медиумски совети.

Таквата регулатива треба да биде придружена со програми за едукација на судии, обвинители и адвокати, како и со јавни кампањи што ја нагласуваат општествената вредност на новинарството. Само преку институционална посветеност, транспарентност и конкретни законски мерки може да се изгради средина во која критичкото новинарство не се казнува – туку се охрабрува како темел на демократијата.

12 Совет на Европа, Препорака CM/Rec(2024)2 за спречување на употребата на стратешки тужби против учеството на јавноста (SLAPP).

*Заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција" (Horizontal Facility III) е иницијатива за соработка, која трае од 2023 до 2026 година. Програмата опфаќа проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција. Таа им овозможува на корисниците да ги исполнат своите реформски агенди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата и да се усогласат со европските стандарди, што е, исто така, приоритет за процесот на проширување на ЕУ.*

*Проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)", имплементиран во рамките на Horizontal Facility III, им овозможува на институциите корисници и на граѓанските организации да ги исполнат своите реформски агенди во делот на слободата на изразување и на слободата на медиумите, во согласност со европските стандарди. Има за цел да ја зајакне примената на правото на слобода на изразување, посебно на новинар(к)ите и медиумските актери во поплуралистичко и побезбедно медиумско опкружување, и во согласност со стандардите од Членот 10 од Европската конвенција за човекови права.*

***Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на автор(к)ите. Изразените ставови нужно не се смета дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советотна Европа.***

** Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независноста на Косово.*

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Тој се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската Унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа Конвенција од страна на државите членки.

www.coe.int

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа